## ЗАКЛУЧОК

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 7 октомври 2025 година, расправаше во врска со Претставката поднесена од [illegible], кандидатка за градоначалничка на Општина Кочани, против Радио Кочани, поради тоа што Радиото, на 3 октомври 2025 година, закажало дебата само со двајца од шестмината градоначалнички кандидати.

Координативното тело, на 3 октомври 2025, ја препрати претставката до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како членка на Телото која е надлежна за постапување во однос на радиодифузерите.

Согласно член 10 од Правилникот за работа на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори или на референдум (Пречистен текст) Агенцијата, на 6 октомври 2025, достави Мислење до Координативното тело, во кое посочи дека Претставката, на 3 октомври 2025, била поднесена и директно до Агенцијата, по што биле преземени потребните активности.

Имено, регулаторното тело веднаш контактирало со Радиото чие одговорно лице, и во телефонски разговор и по електронска пошта, известило дека се планирани серија дебатни емисии, но поради просторните услови во студиото дебатите се организираат со по двајца кандидати (односно како соочувања).

Агенцијата истиот ден испратила до Радио Кочани допис во кој го потсетила медиумот дека, согласно член 75 став 2 од Изборниот законик, има обврска за време на изборната кампања да им овозможи на сите учесници во кампањата подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вклучувајќи ги дебатите и радио соочувањата, како и дека, согласно член 75-а став 1 точка в), баланс во известувањето за изборите за градоначалници се постигнува со почитување на принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници. Поради ова, на медиумот му било посочено дека треба да упати покани за учество до сите кандидати за градоначалници на Општина Кочани и дебатите да ги реализира до крајот на изборната кампања, како и дека доколку некој кандидат одбие да учествува – Радиото тоа треба да го посочи во програмата. За сето ова веднаш била известена и подносителката на Претставката, а сите дописи, во анонимизирана форма, биле објавени на веб страница на Агенцијата во посебниот дел за Претставки.

**Координативното тело го поддржува постапувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и им укажува на медиумите дека треба да бидат транспарентни во однос на претставувањето на кандидатите, да имаат јасен план и правила за тоа како, во сите облици на изборно медиумско претставување, вклучувајќи ги и дебатите, ќе обезбедат рамноправно претставување во согласност со Изборниот законик.**

Скопје,
08.10.2025 година

**Координативното тело**
**за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**

CamScanner